П Р О Ч К А

вековна традиција на празнување во Лешок (Љешек)

Вовед

Во Лешок (Љешек) во минатото имаше традиција за празнување на празникот Прочка,но, оваа традицијата се прекина. Некои празници до денес се одбележуваат, а некои празници веќе не се празнуваат, како што е празникот Прочка или Велико Покладе, кога имаше традиција на овој празник и стари и млади да одиме на Лешочкото кале со варени бели јајца, сол и пипер, а возрасните и со ракија и вино. Нажалост оваа традиција се прекина и сметам дека треба да ја обновиме.

Лешочко кале,18 Април 2018, Лешани ја Пранувааат ПРОЧКА 2018

Инаку, во Лешок и Лешочкиот манастир во минатото помасовно се празнуваа верските празници, како: Бадник, Божиќ, Василица, Водици, Атанасовден, Св. Трипун, Прочка, Велигден, Голема Богородица, додека други празници вообичаено се обележуваа и празнуваа од семејствата. Денеска најмасовно се празнува Успение на пресвета Богородица -Голема Богородица (Богородјца), кога на 27 и 28 Август секоја година во Лешок и Лешочкиот манастир доаѓаат илјадници верници и гости од Полог и пошироко.

Минатите години разговарав со повеќе лица од Лешок и сите сметаат дека беше убава традиција за Прочка да се оди на Кале и сите соговорници се на мислење дека треба се обнови и продолжи оваа традиција. Инаку, во 2015 и 2016 година неколку помлади лица од Лешок, почнаа за Прочка да одат на Кале, но, сеуште немаше осмислена и организирана масовност.

Прослава на Прочка 26 февруари 2017 на Лешочкото кале

Лешок, 13 март 2016, Младите ја одбележуваат Прочка на Кале

Инаку, во Лешок масовно се празнува и празникот Атанасовден и тоа на 30 Јануари секоја година, кога кај црквата Св. Атанасие од 14 век-Стар манастир, доаѓаат стотина луѓе од Лешок, Варвара и Брезно. Во дворот на Лешочкиот манастир на 6 Јануари се празнува Бадник, додека во Лешочките лозја во месноста Млака, на 14 Февруари се празнува Св. Трипун, кога доаѓаат луѓе од Лешок и отселени Лешани во Скопје и Тетово.

Прочка на Лешочко кале, 1960, Столе Богдановски, Ѓорѓи Перовски, Јове Качовски со сопругите

За да се омасови празнувањето, сметам дека треба да направиме добра организација со тројца кумови, кои ќе изготват Програма за празнувањето. За успешно да се празнува Прочка на Лешочкото кале и да има континуитет во иднина, мора во празнувањето да биде вклучена и Црквата и што помасовно да бидат вклучени и младите од Лешок, Вравара, Брезно и Слатина, како и иселените и нивните потомци од овие три села, бидејќи Калето ги обединува и врзува овие четири села.

Прочка е голем православен верски празник

Според Православниот календар за 2017 година на Македонската православна црква -Охридска архиепископија, празникот Прочка се паѓа на 26 февруари (недела) 2017 година, односно седум недели пред празникот Велигден- Воскресение на Исус Христос, кој се паѓа на 16 април (недела) 2017 година.
Според Православниот календар за 2018 година на Македонската православна црква-Охридска архиепископија, празникот Прочка се

паѓа на 18 Февруари (недела) 2018 година, односно седум недели пред празникот Велигден - Воскресение на Исус Христос, кој се паѓа на 08 Април (недела) 2018 година.

Според календарот Прочка е секогаш во недела. Денот не го менува, но, датумот го менува. Прочка е празник со непостојан датум, односно истата е подвижен празник. Прочка не се врзува со календарот, со конкретен датум, туку секогаш истата е поврзана со Велигден. Имено, на која дата ќе се празнува Прочка, зависи од тоа кога се празнува Велигден. Заедничко е што и Велигден и Прочка секогаш се во недела.

Прочка како празник паѓа седум недели пред Велигден и од тој ден почнуваат Велигденските пости, кој што траат седум недели.

Седмицата пред Прочка се нарекува сирна (сиропосна) недела, затоа што во тие денови не се јаде месо, туку, се јадат млеко и јајца и продукти од нив. Со месо се запостува претходната недела навечер, кога последно се јаде месо и потоа, дури на Велигден. Таа се нарекува Бела недела.

Лешочкото кале е спремно за празнување на Прочка- 2017

Проштална недела или Недела на проштевањето е зашто Седмицата завршува со неделата во која луѓето си проштеваат едни со други, за да ги остават и гревовите со оставањето на мрсната храна, а во постот да се воздржуваат и од гревовноста. На Прочка верниците меѓусебно си простуваат пред почетокот на Велигденскиот пост.

Македонската традиција за Прочка е богата и разновидна. Како дел од таа традиција е и заедничката вечера во семејството на која се запокладува со сирење и јајца. Вечерата завршува со амкање јајца за децата, што претставува детска радост и добро расположение.

А вистинската смисла на сето тоа е дека пред постот, на последното јадење, запостуваме и ја затвораме устата со бело јајце и потоа, на Велигден ја отвараме и замрсуваме со црвено јајце. Мрсењето завршува во Белата недела, со бело јајце и пак започнува со јајце, но, сега со црвено-Велигденско, на Велигден.

Лепче со варени јајца, сирење, салата-марула со лукче и кромидче и ракија за Прочка

Кога станува збор за празникот Прочка не смее да се изостават деновите што му претходатм на овој празник. Една недела пред Прочка, поточно во саботата е Задушница.

Понеделникот по Прочка е чист понеделник. Порано садовите за готвење се миеле со врела вода и со пепел од огнишето од шпоретот, за да се измие секаква маснотија. Во некои места во Македонија постои и постот Тримери, кој трае од понеделник до среда, кога не се јаде никаква храна и пијалоци. Верниците кои постеле на Тримери, се причестуваат во средата, после литургијата на претходно осветените дарови. Обично на Тримерот постат оние моми кои се за мажење и болните со надеж за оздравување и се причестуваат во средата.

Прочка-Прошка народот ја нарекува и Велики поклади или Бели поклади.

Инаку, неделата пред Прочка се нарекува Бела или Сирена недела, кога не се јаде месо, туку се јадат млечни производи или сукани питикомат со праз, зелка, јајца со урда и сл.

Прочка во семејството се празнува со богат ручек или вечера, кој завршува со амкање на варени бели јајца.

Амкањето бил обичај кој се одржувал вечерта на Поклади, кога потесното семејство се собирало дома. Обичајот се спроведувал така што вареното нелупено или лупено јајце се врзувало за конопен конец и се обесувало на некое стапче, сукало, греда и др. Децата седнувале околу округлата трпеза или клечеле на колена, а некој од возрасните го нишал јајцето, доближувајќи го до устата на секое дете, кое викало: ***ам, ам*** и се обидувало со устата да го фати-гризне јајцето.
Инаку, во нашето семејство ние децата амкавме лупено јаце.



Прочка 2017 и 2018, Варени бели кокошкини јајца во мојот дом во Лешок

Потоа, јајцето се кршело и највозрасниот член на семејството ја вадел варената жолчка и белка и во половината од лушпата ставал вода и секое дете пиело од водата. Најстатриот во семејството го палел конецот и да видат каква е иднината на семејството. Ако конецот горел силно, тоа значело дека годината ќе биде здрава и среќна. На крајот сите деца меѓусебно се проштевале и барале прошка од родителите-возрасните.
Прочка го означува и крајот на зимските и почетокот на пролетните празници.

Традиционално празнување на Прочка во Македонија

Во Македонија Прочка во минатото се празнувала скоро во сите населени места, а најповеќе во селата.
Прочка во времето на социјализмот во 60/70-те години од минатиот век, се празнуваше и во Скопје со одење најпрвин на Скопското Кале, а потоа луѓето се симнуваа на плоштадот Македонија. На Плоштадот имаше многу луѓе од Скопје и Македонија, а имаше гајдации, сурлации и тапанции кои свиреа и на Плоштадот Македонија. На Скопското Кале имаше и лица облечени во носии, како и музички групи,

и се играше и пееше на Калето, а потоа и на Плоштадот, но, нажалост ова традиција се прекина. Верувам дека со реконструкцијата на Скопското кале и изградбата на плоштадот Македонија оваа традиција за Прочка ќе продолжи.
Во Македонија за Прочка се одржуваат карневали во Струмица, и Прилеп, во кои се задржани македонските традиции, но, на истите има и комерцијализација и повеќе се и туристички атракции.
Населението во Полог, на традиционалан начин ја празнувал Прочка, и така и денес се празнува. На самиот ден на Прочка граѓани од Тетово, слично како и во Лешок, традиционално оделе на Кале и таму го празнувале. Адет било во Тетово да се испраќа јаболка до кумовите или до некои повозрасни роднини и пријатели и да им се бара прошка.

Лешок, 18 Април 2018, Младите од Лешок ја прославуваат ПРОЧКА- 2018

Од Веб поратлот: w.w.w.gavro.com.mk, го превземав следниот текст: "

Вечерта се амкаа јајца. Вечерта во семејствата, конец на кој висиварено јајце или се врзувал за греда од таван или почесто се врзувал за оклагија (сукало), кој ја држел најстариот во семејството. Сите останати (жените и децата) седнуваат во центарот на собата, а тој со оклагијата на кое виси јајцето ги залажува да го амнат (гризнат со устата) без при тоа да употребуваат раце. Тој што ќе успее да го гризнне јајцето има среќеа цела година. Потоа, прегризаното јајце со јајце со лажиче се вади лушпата и им се дели на сите секој да касне за среќа, а во половината луша се сипува малку црвено вино. Потоа, конецот кој виси на сукалото се гори над ова луша со

вино. По ова се изговараат имињата на присутните почнувајќи од најмладиот и се пали конецот кој виси над празната лушпа од јајцето (со изговарање: да гори – да гори Драга,, па да гри-да гори Дарко и.т.н.), а пепелот од изгорениот конец со рака се оборува во виното од лушпата. Со тоа се гледа колку побрзо гори, толку повеќе изговореният ќе живее. Таквото вино сега има магиска моќ и затоа им се подава на сите по малку да пивнат (лижнат) од тоа вино со пепелот од конецот. Конецот кој е останат неизгорен на оклагијата има магиска моќ и се користи за закушке, магиско лекување од логајца и сл. и се чува најчесто пред икона.
Со ова ритуалниот дел завршува и почнува семејна мрсна гозба без месо (најпрвин со кршење јајца), како последна пред седум неделниот велигденски пост “.

Со овој текст може да се согледа како се празнувал Велигден во Тетово како градска средина, но, во основа се задржани скоро истите обичаи кои се применувале и во селата на Долни Полог.

Лешок, 26.02.2017, Празнување на Прочка на Кале

Сметам дека Тетовско-Гостиварската епархија ќе треба да го истражи традиционалното празнување на Прочка во Лешок, но, и во некои други населени места од Полог и да се обнови односно продолжи традицијата на празнување на Прочка, секако со додавање на нови современи црковни и други содржини.

Сеќавања од моето детство за празнувањето на Прочка во Лешок


Митко Спироски

Јас, Митко Спироски од родот Лалошои од Лешок (Љешек), кога бев дете многу добро се сеќавам Прочка како се празнуваше во Лешок. Мене, не ми беше јасно зошто некои празникот го ословуваа со Прочка, а некои со Поклади и Јас тогаш мислев дека тоа се два празници, но, не било така.

На Прочка многу постари луѓе, како и ние децата од Лешок (Љешек) одевме на Кале. На Кале одеа и некои девојки облечени во носии. Децата со себе носевме варени бели јајца и малку сол и пипер. Кога ќе се искачевме на Калето се кршкавме со јајцата, ќе ги излупивме, а потоа ќе го изедевме јајцето со посолување на сол и црвен пипер- буковец или сол со меродија. Потоа, децата се шетавме по Калето и собиравме мали суви полжавчиња. Децата им ги дававме полжавчињата на девојчињата и тие кога ќе се вратеа дома земаа игла и конец, ги нанижуваа полжавчињата и правеа многу убави ѓерданчиња кои ги стават на вратот и ги носеа. Повозрасните лица на Кале носеа варени бели јајца и сирење и пиеја ракија или вино. Тие што пиеја ракија се мезеја покрај со јајцата и сирењето и со туршија или зелка расолница, а некои носеа и младо лукче и кромидче. Помладите обично се поздравуваа со постарите и им велеа: **Прости ми**, а постарите велеа: **Простено ти е од мене и од Господа**.

Ние децата на родителите им велевме: **Прости ми**, а тие возвраќаа со зборовите: **Простено ти и од мене и од господ.**

Ние живеевме тогаш во старата куќа која ја изградиле дедо ми Трпо и баба Цвета. Во половина од куќата живеевме со татко ми Живко и мајка ми Јорданка, Јас, сестра ми Милица и брат ми Мирко, додека во другата половина од куќата живееја баба ми Цвета, заедно со чичко ми Слободан и стрина ми Љубица и братучетка ми Радмила и братучедот Борчо.

Старата куќа изградена од дедо ми Трпо Онуфриевски од Лешок (Љешек)

Во ова куќа бидејќи живеевме 10 лица, од кои 5 деца од две семејства и ние децата имавме можност да гледаме и доживуваме разни настани и случки, но, секако најинтересно ни беше кога имаше некој верски празник, како што беше и Прочка.

баба Цвета и дедо Трпо Онуфриевски

Мајка ми Јорда и татко ми Живко Спироски

Кога ќе се вратевме од Кале, мајка ми Јорданка Спироска и сите домаќинки во Љешек спремаа богат ручек. Јадевме тавиче со ориз (пиљаф) со кокошка, некогаш имаше комат со праз и јајца и урда и др. , а потоа мама сервираше и бели пуфки (пуфке), кои ги правеше од белката на кокошкини јајца.

Тврдината на Лешочкото кале (Љешечко кале)

Многу добро се сеќавам дека на Прочка мама, баба Цвета, нина Љубица, нина Борејца, нина Томејца и други жени одеа на гробишта во Буљино носеа кошници покриени со цедило и таму раздаваа меѓу себе, банички, комат, поскурињa и други работи за душа на покојните.

Вечерта мама и други жени вареа неколку јајца, потоа, тато, зема бел конец за нижење пипер и со игла излупеното варено бело јајце го закачи на сијалица или на сукало. Јајцето закачено на конецот на сукало или конецот со јајцето беше заврзан на сијалицата на плафонот и се нишаше и Јас, брат ми Мирко и сестра ми Милица наредени во круг околу масата, еден по еден го амкавме јајцето, но, никако не смееше да ги користиме рацете, за да се фати јајцето и да се стави во уста. Тешко можеше да се лапне-амне-гризне јајцето, оти се нишаше, но, и се лизгаше и бегаше од устата. Амкањето беше многу интересно и забавно за нас децата и многу се смеевме. На крај некој од децата ќе го гризнеше јајцето и после тоа ќе го изедеше со посолување на сол и пипер. Јас, се сеќавам дека еднаш кога амкавме јајце, јас го лапнав-гризнав јајцето и тогаш тато ми даде ситни паричиња, среќа да ме прати цела година.

Бело јајце- симбол на Прочка

Дента на пладне, пред ручек на празникот Прочка, мајка ми ставеше по една помаранџа во шамија и ми велеше да однесам кај баба

Блажејца Дамјановска, баба Андројца Поповска, тетка Тодорка Ацовска и др., за прошка, а тие ми даваа по едно парiче.
Во нашиот дом во моето семејство со жена ми Славица, децата Огнен и Искра и внуците Луна, Стефан и Давид ја обележуваме Прочка и во иднина празникот ќе го одбележуваме.
Се сеќавам дека вечерта на Прочка, татко ми земаше ќибрит и прво ќе ја спомнеше баба Цвета, која беше најстара во нашата фамилија и ќе го запалеше конецот и тој гореше, но, доста брзо се угасуваше. Потоа, палеше конец и за мама и тато и конецот гореше многу долго, што значи дека мама и тато ќе живеат долго.

Сеќавања на неколку лица од Лешок(Љешек) за празнувањето на Прочка

Традицијата на празнувањето на Прочка во домовите е семејна и лична работа и го празнува секој на свој начин и незнам кој и колку ја продолжува традицијата, но, од разговор со повеќе луѓе од мојата Генерација, како и на други генерации, слушнав дека сите многу добро се сеќаваат на празнувањето на Прочка во Лешок со одењето на Кале, како и на празнувањето во нивните семејства и констатирав дека скоро дека нема некоја разлика во адетите и празнувањето од куќа до куќа.

Слободан Спироски

Со чичко ми Слободан Спироски од родот Лалошои од Лешок многу пати сум разговарал, па, и тој ми кажуваше дека за Прочка уште кога бил дете пред Втора светска војна младите облечени во носии оделе на Кале со варени бели јајца, а постарите покрај варени јајца со себе носеле и сирење и ракија или вино, за да се омезат и да наздраваат за празникот. Исто така, чичко ми кажуваше и за тоа како ја празнувале Прочка дома и што спремале баба Цвета и нина Љубица. Чичко ми Слободан многу пати ми велеше и ме замолуваше во вид на аманет да преземам акција традицијата во Лешок на празнување на Прочка на Калето да се обнови и да продолжи.
Чичко ми (Ацо) Слободан (Цобе) ми рече дека со семејството деца Рада и Борче и со внуците ја обележуваат Прочка.


Делчо Стевовски

Во разговор со децата од мојата Генерација ученици 1949/50 од Лешок, на Средбата која ја одржавме на 26 август 2016 година, а која се однесува за празнувањето на Прочка, интересно е искажувањето на Делчо (Делко) Стевовски од родот Ќапункооj од Лешок.
Делко ми потврди дека и нему како дете му било многу интересно одењето на Кале за време на Прочка.
Делко посебно нагласи дека кога биле возрасни и кога се ожениле 1960-90-та година оделе за Прочка на Кале со друштво млади (Перо Цонка, Ристо Нања, Сане Момир и др.) од Тенеке маало. Мислам дека заслужи Перо Стојанов Николовски, од родот Лешкооj односно Попоj да го споменеме во овоj текст. Перо почина 1996 година. Бог да го прости. Перо го ословувавме со прекарот Перо-Цонка.

(Петар Николовски -Цонка, Лешок, 1948-1996,)

Делко рече дека Перо живел за празникот Прочка и се спремал уште од есен. Перо садел зелена салата-марула уште во октомври-ноември, ја покривал со најлон и салатата ја одгледувал и растел исклучиво за празникот Прочка. Дрштвото кога оделе на Кале, таму правеле салата од варени јајца, помешани со марулата- салатата од Перо, со младо кромидче, секако ставале малку сол и црвен пипер. Дружењето на Кале било многу убаво секогаш одело со наздарвување и пиење на домашна ракија. Инаку, Перо иако беше една генерација пред нас, Тој

најповеќе се дружеше со нас, а во осмо одделение учевме заедно во Осмолетката во Теарце.
Делко рече дека кај нив дома за Прочка тој со трите сестри Роса, Ружа и Симјанка амкале варено јајце заврзано за конопен конец и дрвен стап. Делко рече дека татко му Стојан Мишко го палел конецот и колку долго ќе горел, толку долго и ќе живеат татко му Стојан и мајка му Симка.
Делко вели дека со семејството деца со синовите Стојанчо и Анѓелко со внуците и денес ја обележуваат Прочка.


Тодор Блажевски

Со Тодор Блажевски од родот Ќапункоој од Лешок, кој сега работи и живее во Детроит, САД, на ден 20 февруари (понеделник) 2017 година раговаравме на програмот Скајп (Skype), при што го известив дека на 26 февруари 2017 година планираме да се собереме неколку лица од нашата генерација и др. лица на Кале на празникот Прочка и дека планираме ова празнување да го обновиме и во иднина постојано да се обележува. Тодор, најнапред ми рече дека не се сеќава како го празнувале дома и како било на Кале, бидејќи од петто одделение бил во Белград со чичко му Никола кај нивната фурна. Но, кога продолживме да разговараме за Прочка и за амкање на јајца и за горење на конецот, Тодор се присети и рече дека кај нив дома за Прочка тој со двете сестри Стеванка и Вера амкале јајце и дека амкале нелупено варено јајце. Тодор се присети дека татко му Љубе го палел конецот и колку долго ќе горел, толку долго и ќе живеат баба Риска и тетка Славка и тетин Љубе.

Младен Мисајловски

Со Младен Мисајловски од родот Дабоќеej од Лешок, кој живее во Ѓорче Петров, на ден 17 февруари (петок) 2017 година раговарав телефонски, а подоцна разговаравме и во дворот на неговата куќа во

Тенеке маало во Лешок, при што го известив дека на 26 февруари 2017 година планираме да се собереме неколку лица од Лешок од нашата генерација, како и други лица, на Кале на празникот Прочка и да го обновиме празнувањето. Младен ми рече дека многу добро се сеќава за пранувањето на Прочка и дека како деца од Тенеке маало оделе на Кале со варени бели јајца и дека се кршкале со јајцата и дека ги јаделе посолени со сол и црвен пипер, а тој исто така рече дека вечерта дома татко му Косте врзал варено јајце на конец и сукало и дека со Младен со сестра му Јорда го амкале јајцето.

Стојко Коцевски

Со Стојко Коцевски од родот Костадиноој од Долно маало од Лешок, кој живее во Тетово, на ден 18 февруари (сабота) 2017 година раговарав телефонски, при што го известив дека на 26 февруари 2017 година планираме да се собереме неколку лица од Лешок од нашата генерација, како и други лица, на Кале на празникот Прочка и да го обновиме празнувањето. Стојко ми рече дека многу добро се сеќава за пранувањето на Прочка во семејството, но, дека не се сеќава дека како деца од Долно маало оделе на Кале со варени бели јајца. Стојко рече дека вечерта дома татко му Васе врзувал варено јајце на конец и дрвено стапче и дека тој со брат му Слободан и сестра му Загорка амкале јајце, а не се сеќава за горење на конецот.
Јас не се сеќавам, а не се сеќава и никој од раскажувачите дека за Велики поклади мажите од Лешок и околните села се преоблекувале и маскирале и ставале маски да изгледаат пострашни и посмешни, како тоа се прави на карневалите во Прилеп и Струмица.

Продолжува традицијата на празнување Прочка во Лешок(Љешек)

Колку мене ми е познато традицијата на одење за Прочка на Кале многу години замре, но, последниве години една група млади лица од Лешок, ја продолжуваат и обновуваат традицијата и одат на Прочка на Кале (со варени бели јајца, сирење, салата, ракија или вино и др.) и ја празнуваат Прочка. Така, минатата година младите Лешочани на Калето направија дрвена маса и столови од костенови дрва.
Верував и ми се оствари прогнозата и на Прочка на 26 февруари 2017 година, беше помасовно и се собравме на Лешочкото Кале преку 50

лица и ова е гаранција дека ќе ја обновиме, односно ќе ја продолжиме традицијата на празнување на Прочка во Лешок, а ќе се воведат и нови содржини според времето во кое живееме.

Лешок, Февруари 2017, Внукот Стефан на Лешочко кале

Во 2017 година разговарав со отец Теодосиј и му нагласив дека добро би било и Црквата да се вклучи во празнувањето на Прочка да се обнови и продолжи празнувањето на Прочка на Кале.

Отец Теодосиј (поп Димитрие Крстевски) ми рече дека тоа веќе не е во негова надлежност и за тоа треба да разговараме со поп Александар Стојановски, оти Лешок е во неговата парохија.

Телефонски го запознав поп Александар Стојановски за идејата Црквата да се вклучи во обележувањето на Прочка на Кале со своја црковна постапка и со предлог да се вклучат и лица од Варвара и Брезно и др. села од Подгора од Долни Полог, но, поп Александар ми вети, но, не ми се јави да разговараме на оваа тема.

Да разговарам повторно со поп Александар и поп Маријан и да им нагласам дека добро би било и Црквата да се вклучи да се обнови и продолжи празнувањето на Прочка на Кале.

Добро би било да се поканат играорните друштва Кирил Пејчинович, Теарце или Извор, Јегуновце во носии и песни и ора, а кумовите во иднина да изготват Програма за празнување на Прочка со прецизирање и детализирање на настаните за тој ден, како на Кале, така и во Лешок и во Лешочкиот манастир.

Прочка 2017 на Лешочко кале

Разговарав со Јовица Поповски, претседател на Месната заедница за организирање на Лешок во празнувањето на Прочка и вклучувањето на младите Лешани. Јовица вети дека младите ќе се приклучат на празнувањето на Прочка-2017 на Кале.
Добро би било да се спои празнувањето на Прочка на Кале со бели варени јајца и со празнувањето на Велигден, од истите организаторитрите кумови, а во Програмата да се обележи и празнувањето на Велигден и истото да биде со црвени јајца и со печено свинско месо и со вино и ракија, Значи, добро би било во организаторите за прослава на Прочка и В елигден да се вклучи и Манастирскиот ресторант.
На 26 февруари 2017 (недела) на Калето дојдоа многу млади лица, постари лица и дечиња (околу 50 лица) и беше многу убава и пријатна атмосфера. Секако за ова масовност придонесе и времето кое беше сончево и многу пријатно, но, најголема заслуга беше на младите од Лешок и нивната желба за дружење и продолжување на старата традиција на празнавување на Прочка.

Лешок, 26.02.2017, Прочка на Кале

Добро е да влезе во традицаија да се печат три вида на комат (со праз, зелка и со јајца со урда) или да се испече еден славски леб и ставање по една паричка во секој од трите комади или три парички (денари) во славскиот леб. Така, ќе имаме три кумови и тие ќе бидат организатори за Прочка во наредните 2018, 2019, 2020 година и т.н.
Мојата прогноза се оствари. На Прочка 2017 од трите комади им се паднаа трите паричиња(денари) на трите кумови за 2018 година: Јонче Христовски, Далибор Спироски и Трајковски Сашо.

Кумовите за 2018 година, Јонче Христовски, Далибор Спироски и Сашо Трајковски

Верував дека кумовите Јонче, Далибор и Сашо ќе бидат добри кумови за Прочка 2018 и дека ќе ја дадат основата да се воспостави пракса секоја година да се празнува Прочка.
Мојата прогноза се оствари и трите кумови за ПРОЧКА 2018 беа одлични домаќини и организатори и на 18 февруари 2018 година имаше одлична атмосфера и дружење на Лешочкото кале.
На Прочка 2018 се делеше славски леб и трите паричиња (денари) им се паднаа на трите кумови за 2019 година: Велимир Кочовски, Љупчо Кипровски и Мирче Божиновски.

Митко со Кумовите за ПРОЧКА-2019, Велимир Кочовски, Љупчо Кипровски и Мирче Божиновски

Верувам дека кумовите: Велимир, Љупчо и Мирче ќе бидат многу добри организатори за Прочка 2019 и дека ќе направат Програма со некои нови содржини, со што празнувањето ќе беде уште подобро и повесело и дека вака организирано секоја година ќе го празнуваме празникот Прочка.
Кумовите за ПРОЧКА 2019 година, начелно напоменаа дека во текот на 2018 и 2019 година ќе настојуваат да се постави уште една дрвена маса, а имаше и идеја да се покријат масите со насгрешница за заштита од врнежи и сонце, а кумовите размислуваат на празникот да донесат и жива музика, за да биде повесело и помасовно.
Во иднина би било добро да се направат напори да се донесе- спроведе водовод и да се изгради чешма, да се созида скара, да се посадат садници зимзелени и други дрвца, да се трасира пешачка патека од Манастирот до Калето и обратно со поставени дрвени патокази, на јужната страна од Калето да се припреми подиум со столови за

седење и панорамско разгледување на Лешок и Полог и секако со правење на фотографии и видео филмови со прекрасен поглед на Лешок и Лешочкиот манастир.
Како што е традицијата Лешани за Прочка да доаѓаат на Кале со бели варени јајца и да се кршкаат, така, да се воспостави и традиција на Лешочкото кале на празникот Велигден Лешани со свои пријатели да доаѓаат на масовен излет со црвени варени јајца и со кршкање на црвени вапцани јајца да го прослават воскреснувањето на Господ Исус Христос.
Сметам дека треба кумовите во Програмата да внесат можност да се воспостави пракса во иднина кумовите да бидат и медијатори, односно населението да знае кои се кумови за Прочка. Лешаните може да ги повикаат тројцата кумови да одат кај скараните лица од Лешок и да направат напори да ги помират, со крајна цел да си проштеваат еден на друг.
Ако кумовите успеат да помират некои лица, тие да се поканат на следната Прочка кога скараните лица ќе седат еден до друг и јавно ќе покажат дека се помириле меѓу себе. Ова е Моја идеја и добро е кумовите да ја реализираат во иднина.

Амбиент од празнувањето на Прочка 2017 на Кале

Сметам дека во иднина ќе треба да има и алтернативна Програма за празнувањерто на Прочка, ако е поголемо невреме и заврне посилен дожд да се оди долу во Манастир и Манастирскиот ресторан. Во основа за Прочка се оди на Кале, но, во случај на големо невреме да се празнува долу во Манастирот.

Големиот дух и порака на Прочка лежи во љубовта и проштавањето

Прочка е голем празник за македонскиот народ и со овој празник се поврзани голем број на обичаи и верувања. Проштевањето е обичај кој го воспоставила православната црква и кој како традиција кај македонците трае со векови се до денешните денови.

Празникот Прочка или Велики Поклади, кој е познат кај народот како Проштени Поклади, спаѓа во најголемите христијански празници, како што се Божиќ и Велигден. Овој празник доаѓа по неколкуте зимски празници, како: Бадник, Божиќ, Водици, Атанасовден, Св. Трипун и ги поврзува пролетните празници, како: Тодорова сабота, Младенци, Благоец, Цветници, Лазарева сабота, Велигден, Ѓурѓовден и др.

Лешочко кале, 18.04.2018, Лешани наздравуваат на празникот ПРОЧКА- 2018

Со Прочка започнуваат долгите Велигденски пости, период од седум недели исполнет со многу обичаи и верувања, со многу одречувања и надежи за пречек на Христовото Воскресение-Велигден за причесна и за идентификација со спасителот Исус Христос.

Празникот Прочка има уште едно големо духовно значение, бидејќи е поврзан и со Задушница, кога се посетуваат вечните домови на покојните. Имено, една недела пред Прочка, поточно во саботата секогаш е Задушница.

Пораката од Прочка е: Бог да прости, лесни пости! Ако не простиме, залудно ќе постиме. Не е добро да постиш и да јадеш само леб и вода, а да не проштеваш и да не се каеш. Така се правело низ вековите, а така правиме и денес. Каква е нашата душа, таков е нашиот дух и такво е нашето трпение и љубов кон сите ближни.

Прочка е една од манифестациите на искрената и пожртвувана љубов кон ближните и треба да учиме и да го следиме примерот на Господ Исус Христос и безусловно и безгранично да си простуваме ние како православни христијани.

Многу длабока смисла има што вообичаено секогаш прошка бара помладиот од постариот со зборовите: **прости ми**, а постариот одговара: **Простено да ти е од мене и од Бога.** Проштевам, проштевај, денес на Прочка на сите треба да им ги кажеме овие два збора.Но, тоа не значи дека секогаш помладиот треба да бара прошка од постариот, туку, прошка треба да бара оној кој осознал дека направил некоја волна или неволна грешка, без разлика дали е постар или помлад.

Почетокот на постот е најдобар момент, секој човек да рече пред себе и пред Бога, да остави позади себе се што е лошо и што го мачи во душата.

Се верува дека на денот Прочка секој човек треба да го сврти погледот кон иднината и да го заборави злото, а да го запомни доброто, треба да се забораваат сите недоразбирања и дека треба да побарате прошка од оној на кој сте му згрешиле.

Денот Прочка не потсетува и опоменува дека со започнување со велигденските пости, не е доволно само да се воздржуваме од храна и пијалоци, туку, треба да се воздржуваме и од лоши мисли и дела.

Почетокот на постот е идеален момент да се остави зад себе она што ве мачи, ако некои луѓе ве повредиле или вие сте ги повредиле, сакајќи или несакајќи и да ги насочите мислите и акциите на позитивни работи.

Многу е лесно и едноставно на секој да му кажете само два збора: **Проштевам, проштевај .**

Со овие искази таа личност ќе знае дека сте и простиле се што ви сторила, во исто време и сте побарале да ви прости таа личност и на вас.

Прочка е една од манифестациите на искрената и пожртвувана љубов кон ближните.

Секогаш помалиот бара прошка од постариот, децата од родителите, крштеникот од кумот, а се простуваат и пријателите. Откако три пати ќе се поклони, помладиот му вели на постариот: Прости ми, на што другиот одговара: Простено да ти е од мене и од Господа.

Немојте да размислувате се бара прошка само за луѓето со кои сте се нашле во судир, туку прошка се бара и помеѓу две лица кои многу се сакаат, но, понекогаш несвесно се повредуваат еден со друг. И на нив треба да им кажете да ви опростат и да го симнете товарот од душата, дури и оној товар кој сте го заборавиле или потиснале длабоко во себе.

Доколку овие зборови ги изговорите потполно искрено, ќе ви биде многу полесно и вашите односи ќе ви се подобрат, а вие ќе можете со поголема смиреност да му пристапите на овој пост и на молитвите.

Лешок, Велигден 2017, Внуката Луна Спироска и баба Славица вапцаа црвени јајца

Нека Ви е честита Прочка и нека Ви е среќен почетокот на Велигденскиот пост !

Повеќе за празнувањето на верските празници во Лешок и селата во Долни Полог, има запишано во книгата: ЛЕШОК И СОСЕДНИТЕ СЕЛА (материјална и духовна култура), во издание на Здружението ЛЕШОК од Скопје, 2005 година, кое може да го прочитате на Веб страницата: www.spiroski.com.mk .

Во овој текст во хедерот ги внесов крстот и дванаесетокракото сонце, кои се вечни симболи на Мојот род Лалошои од Лешок (Љешек), а се и вечни симболи и на македонскиот народ.

Среќни велигденски пости и Ве молам опростете ми ако нешто сум Ви згрешил.

Довидување на Лешочкото кале да ги прославувме наредните празници Прочка и Велигден.

текст

Лешок, Март 2018 год. Митко Спироски Лешочки